# Сѐ изгледа итно

Можеби сакаш да го исклучиш, но светот зад твојот паметен телефон продолжува да се врти. Звуците и движењата пренесуваат силно чувство на итност и те фаќаат баш во моментите кога се прашуваш „Што да правам сега?“

**Push известување**
Знакче на твојот екран што те известува дека има нешто ново.

**Аларм**
Ѕвонење, крици или гласна вибрација, звучен или визуелен сигнал што го бара твоето внимание.

**Црвено знаменце**
Бројка што ти покажува дека има нешто ново.



WHAT THE F*TURE WANTS

*На кој друг начин твојот мобилен ти го одвлекува вниманието кога се обидуваш да се концентрираш?*

TACTICAL TECH

# Создава исчекување

Дали очекуваш одговор што не се појавува? Овие опции покажуваат дека има некој зад екранот, иако можеби всушност не е така.

**Облаче за пишување**
Три точки... Анимирано облаче што покажува дека некој пишува во реално време.

**Потврда за прочитано**
Испратено / пристигнато / прочитано. Визуелни знаци за статусот на пораката.

**Знакот за онлајн**
Визуелен сигнал што ти покажува дека твоите пријатели се онлајн или активни.



WHAT THE F*TURE WANTS

*Како се чувствуваш кога твојата порака е прочитана, но нема одговор?*



TACTICAL TECH

# Го оправдува бескрајното скролање

Нема ќор-сокаци на интернет. Со едноставен дизајн, комбиниран со бескрајни содржини и персонализирани известувања за новости, можеш со часови да седиш со телефонот без да го забележиш тоа.



**Контролна точка (Checkpoint)**
Успеси во игри или апликации (како што се ново ниво или низа на победи) кои создаваат јак поттик за продолжување.

**Автоматска репродукција (Autoplay)**
Со оваа опција, автоматски се продолжува со следната содржина без да мораш да кликаш.

**Бесконечно скролање**
Известување за содржини што нема крај.

**Повлечи и освежи (Pull to Refresh)**
Повлечи и пушти за да се преземат и обноват содржини.

WHAT THE F*TURE WANTS

*Дали ти се случило некој алгоритам да те однесе на патување низ неочекувани содржини?*



TACTICAL TECH

# Си игра со нашите емоции

Секој од нас сака да припаѓа некаде. Овие функции играат со нашата основна потреба да бидеме прифатени, давајќи или одземајќи ни популарност.

**Бројач на следбеници**
Пријатели, непознати или дури ботови? Оваа бројка ги претставува твоите онлајн следбеници.

**Лајк**
Палец, срце или емотикон – овие функции се брз показател за одобрување или негодување.

**Нов тренд**
Создавањето нов тренд на некоја апликација, на пример стикери, филтри или награди, води до поголем број претплатници и ја зголемува популарноста.

**Коментар**
Порака како реакција на некоја содржина.



WHAT THE F*TURE WANTS

*Дали понекогаш се нервираш затоа што недоволно луѓе реагираат на твоите постови?*

TACTICAL TECH

# Те заведува

Некои функции се создадени за да ти го одвраќаат вниманието, да те збунуваат или да прикриваат нешто. Немајќи намера да те навлечат, овие функции ти се појавуваат за да не го гледаш тоа што се крие под површината.

**Заштита на личните податоци**
Правен договор за личните податоци, најчесто многу обемен, со којшто треба да се „согласиш“ ако сакаш да ја користиш услугата.

**Confirmation Shaming**
Без оглед дали станува збор за билтен или реклама, оваа функција прави да ти биде незгодно да не се согласиш со нешто, најчесто затоа што на копчето „не се согласувам“ пишува нешто што звучи многу осудувачки.

**Се согласувам со сите**
Брзо копче што опфаќа сѐ, најчесто за колачиња, и што го одвраќа твоето внимание од други дозволи.

**Бришење или деактивација**
Сите апликации имаат функција за бришење или деактивација, но понекогаш намерно е многу тешко таа да се пронајде.



WHAT THE F*TURE WANTS

*Кога последен пат си прочитал/ -а и разбрал/ -а некоја политика за заштита на личните податоци?*

TACTICAL TECH

# Ти помага да го постигнеш следното ниво

Понекогаш, дизајнот нè привлекува со тоа што ни ја нуди најновата, најмодерната и најдобрата верзија на тоа што веќе го имаме. Најчесто тоа е надградба, меѓутоа не е бесплатна.




**Loot Box**
Виртуелен елемент што содржи скриена, случајна, можеби и ретка награда. Играчите плаќаат за да можат да ја отворат кутијата и да го добијат тоа што е внатре.

**In App Purchase**
Функција што најчесто ја имаат бесплатните апликации, со којашто корисниците можат да купат дополнителни функции или ексклузивни содржини.

**Надградба**
Без разлика дали станува збор за телефон или игра, компаниите цело време лансираат и рекламираат нови производи, коишто можеби не ти се потребни, но би сакал/ -а да ги имаш.

WHAT THE F*TURE WANTS

*Кога последен пат си купил/ -а нов додаток или уред?*



TACTICAL TECH